Gulf БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

LABORATORY BIOTEK

Без никаква дистанца за заштита од вирусот

# Снимателите како сардини на прес-конференцијата на Ковачевски, ЗНМ бара Владата да ги почитува ковид-протоколите

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) бара Владата да ги почитува здравствените протоколи за медиумско покривање на настани во затворен простор. На денешната прес-конференција во Владата на Димитар Ковачевски и Кирил Петков, снимателите буквално беа наредени како сардини еден до друг, без никава дистанца, ниту пак растојание кое е предвидено за заштита од ковид-19. ЗНМ апелира Владата да обрне внимание на заштита на медиумските работници за време на ковид-кризата.



„По добиени поплаки од страна на членови на секцијата на сниматели при ЗНМ, апелираме дека Владата треба да ги почитува здравствените протоколи за медиумско покривање на настани во затворен простор. Имено, на фотографиите од денешниот настан може да се забележи дека снимателите немаат безбедни услови за работа поради несоодветниот простор во кој нема речиси никаква дистанца помеѓу медиумските работници, а со тоа директно се изложени на здравствен ризик по нивното здравје“, наведува ЗНМ.

ЗНМ додава дека бара од Владата кога има ваков тип настани, за медиумите во иднина да се обезбедат соодветни услови за нивна работа и строго да ги почитуваат здравствените протоколи предвидени за јавни настани.

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.

## Сподели

## Политика

Амбасада на Полска: Промовирањето на руската...
Претседателот Пендаровски помилува пет осудени...